# IURIDICA PRIMA

Institute for Legal – Economic Research and Education

10-th International Scientific Conference

**OHRID SCHOOL OF LAW 2024**

***Chalanges in the law in 21-st century***

16-19 May 2024 Ohrid

# 19-20

**Издавач:**
Институт за правно-економски истражувања и едукација
**Ј У Р У Д И К А  П Р И М А**
Димо Хаџи Димов 8/1-1 Скопје, Република Македонија
iuridicaprima.mk iuridicaprima@gmail.com

**Publisher:**
Institute for Legal-Economic Research an Education
**I U R I D I C A P R I M A**
Dimo Hadzi Dimov 8/1-1 Skopje, Republic of Macedonia
iuridicaprima.mk iuridicaprima@gmail.com

**За издавачот:**
Проф. д-р Ангел Ристов
Претседател на Институтот IURIDICA PRIMA

**For the Publisher:**
Angel Ristov, Phd
Associate Professor Faculty of Law Iustinianus Primus
University “Ss. Cyril and Methodius” Republic of North Macedonia

**Печати:**
Стоби Трејд

**Print:**
Stobi Trejd

Зборникот на трудови – Охридска школа на правото
е достапен на EBSCO базата Legal Source, како и на www.iuridicaprima.mk

Collection of Papers – Ohrid School of Law is available on
http://www.ebcsohost.com/public/legal-source
http://www.iuridicaprima.mk/downloads

# IURIDICA PRIMA

Институт за правно економски истражувања и едукација

10-та Меѓународна научна конференција

## ОХРИДСКА ШКОЛА НА ПРАВОТО 2024

***Предизвиците во правото во 21–от век***

16-19 Мај Охрид 2024

# 19-20

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

34"20"(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција Охридска школа на правото (10 ; 2024 ; Охрид)
Охридска школа на правото 2024 : Предизвиците во правото во 21 –от век : 19-20 / 10-та Меѓународна научна конференција, 16-19 Мај Охрид 2024 = Ohrid school of law 2024 : Chalanges in the law in 21-st century / 10-th International Scientific Conference, 16-19 May 2024 Ohrid ; [уредник Ангел Ристов]. - Скопје : Институт за правно-економски истражувања Јуридика Прима = Skopje : Institute for legal-economic research an education Iuridica Prima, 2024. - 424 стр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Текст на повеке јазици

ISBN 978-608-4996-19-4

а) Право -- Предизвици -- 21 в. -- Собири

COBISS.MK-ID 64970245

Institute for Legal – Economic Research and Education
IURIDICA PRIMA

Editor –in-chief: Professor Angel Ristov, PhD
Secretary: Ilija Rumenov, PhD

International Editorial Board:
PhD, Ivan Ruschev, Faculty of Law, University “St. Kliment Ohridski” Sofia, Republic of Bulgaria; Phd, Mihail Malchev, Faculty of Law, University “St. Kliment Ohridski” Sofia, Republic of Bulgaria; PhD, Barbara Novak, Faculty of Law, University in Ljubljana, Republic of Slovenia; PhD, Velibor Korać, Faculty of Law, University in Podgorica, Republic of Monte Negro;PhD, Ilija Vukčević, Faculty of Law, University, Donja Gorica, Podgorica, Republic of Monte Negro; PhD, Nenad Tešić, Faculty of Law, University in Belgrade, Republic of Serbia;PhD, Novak Krstić, Faculty of Law, University in Nis, Republic of Serbia;PhD, Marko Bevanda, Faculty of Law, University in Mostar, Republic of Bosnia and Hercegovina;PhD, Radenko Jotanović, Faculty of Law, University in Banja Luka, Republic of Srpska, Bosnia and Hercegovina;PhD, Sanja Gongeta, Republic of Croatia, College of Applied Sciences Lavoslav Ružički in Vukovar, Republic of Croatia;PhD, Lidija Šimunović, Faculty of Law, University in Osijek, Republic of Croatia; PhD, Marko Tomljanović, Faculty of Economics and Business, University in Rijeka, Republic of Croatia; Seregin Andrej Viktorovich, Assistant Professor, Candidate on Legal Sciences, South Federal University, Rostov on Don, Russian Federation;PhD, Ivana Shumanovska Spasovska, Faculty of Law “Iustinianus Primus” University “Ss. Cyril and Methodius” Skopje, Republic of Macedonia; PhD, Lazar Jovevski, Faculty of Law “Iustinianus Primus” University “Ss. Cyril and Methodius” Skopje, Republic of Macedonia; PhD, Jovan Zafirovski, Faculty of Law “Iustinianus Primus” University “Ss. Cyril and Methodius” Skopje, Republic of North Macedonia;PhD, Ilija Rumenov, Faculty of Law “Iustinianus Primus” University “Ss. Cyril and Methodius” Skopje, Republic of North Macedonia;LLM, Ilija Manasiev, Faculty of Law “Iustinianus Primus” University “Ss. Cyril and Methodius” Skopje, Republic of North Macedonia;PhD, Toni Gjorgiev, Military Academy, Skopje, Republic of North Macedonia, PhD, Zoran Jovanovski, Military Academy, Republic of North Macedonia; PhD, Milica Shutova, Faculty of Law, University “Goce Delchev, Stip, Republic of North Macedonia;PhD Ivica Josifovic, Faculty of Law, University “Goce Delchev, Stip, Republic of North Macedonia;PhD, Bekim Nuhija, Faculty of Law, South East European University, Tetovo, Republic of North Macedonia; PhD, Arta Selmani Bakiu, Faculty of Law, South East European University, Tetovo, Republic of North Macedonia; PhD Irma Bairami, Faculty of Law, State University in Tetovo, Republic of North Macedonia; LLM, Marjan Kocevski, Notary Public, Skopje, Republic of North Macedonia.

Институт за правно-економски истражувања и едукација
ЈУРИДИКА ПРИМА

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Ангел Ристов
Секретар: доц. д-р Илија Руменов

Меѓународен уредувачки одбор:
Д-р д-р Иван Русчев, Правен факултет Универзитет„Св. Климент Охридски“ Софија, Република Бугарија;Д-р Михаил Малчев, Правен факултет, Универзитет„Св. Климент Охридски“ Софија, Република Бугарија;Д-р Барбара Новак, Правен факултет, Универзитет во Љубљана, Република Словенија;Д-р Илија Вукчевиќ, Правен факултет, Универзитет Доња Горица, Подгорица, Република Црна Гора; Д-р Велибор Кораќ, Правен факултет, Универзитет во Подгорица, Република Црна Гора; Д-р Ненад Тешиќ, Правен факултет Универзитет во Белград, Република Србија; Д-р Новак Крстиќ, Правен факултет Универзитет во Ниш, Република Србија; Д-р Марко Беванда, Правен факултет Универзитет Мостар, Република Босна и Херцеговина;Д-р Раденко Јотановиќ, Правен факултет Универзитет во Бања Лука, Република Српска, Босна и Херцеговина; Д-р Сања Гонцета, Колеџ на применети науки Лавослав Ружички, Република Хрватска; Д-р Лидија Шимуновиќ, Правен факултет, Универзитет во Осијек, Република Хрватска; Д-р Марко Томљановиќ, Факултет за економија и бизнис, Универзитет во Ријека, Република Хрватска; Серегин Андреј Викторович, кандидат на правни наука Јужниот федерален универзитет во Ростов на Дон, Руска Федерација;Д-р Ивана Шумановска Спасовска, Правен факултет „Јустинијан Први“ Универзитет „Св.Кирил Методиј“ Скопје; Д-р Лазар Јовевски, Правен факултет „Јустинијан Први“ Универзитет „Св.Кирил Методиј“ Скопје; Д-р Јован Зафировски, Правен факултет„Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Д-р Илија Руменов, Правен факултет„Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје; М-р Илија Манасиев, Правен факултет „Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје; Д-р Тони Ѓоргиев, Воена Академија „Михајло Апостолски“ Скопје; Д-р Зоран Јовановски, Воена Академија „Михајло Апостолски“ Скопје; Д-р Милица Шутова, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип; Д-р Ивица Јосифовиќ, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип; Д-р Беким Нухија, Правен факултет, Универзитет ЈИЕ Тетово; Д-р Арта Селмани Бакиу, Правен факултет, Универзитет ЈИЕ Тетово; Д-р Ирма Бајрами, Правен факултет, Државен универзитет во Тетово; М-р Марјан Коцевски, нотар во Куманово.

СОДРЖИНА / CONTENTS

**ПРЕДГОВОР**.......................................................................................11

*Živanka Miladinović Bogavac, PhD*
*Faculty of Business and Law, University of MB, Republic of Serbia, Belgrade*
*Martin Matijašević, PhD*
*Faculty of Business and Law, University of MB, Republic of Serbia, Belgrade*
*Željko Lazić, PhD*
*Faculty of Business and Law, University of MB, Republic of Serbia, Belgrade*
**INTERNATIONAL AND NATIONAL LEGAL FRAMEWORK AND CHALLENGES OF PROTECTION AGAINST DOMESTIC VIOLENCE AND VIOLENCE AGAINST WOMEN IN THE 21ST CENTURY**.......................................................................................23

*Darina Koseva PhD*
*Prosecutor at regional prosecutors office of Sofia*
**CRIMES UNDER ART. 353 OF THE CRIMINAL CODE OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA AND UNDER ART. 282 OF THE CRIMINAL CODE OF THE REPUBLIC OF BULGARIA (COMPERATIVE LEGAL ANALYSIS)** .......................................................................................33

*Енвер Адем Саљихи*
**ДИЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА ПРОЦЕСОТ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**.......................................................................................43

*Проф. д-р Југослав Ачковски*
*Редовен професор Воена Академија Мхајло Апостолски*
*Зоран Ристески*
*Докторант Универзитет Климент Охридски Битола*
**ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ ПРАВЕН РЕЖИМ ЗА ЗАШТИТА НА САЈБЕР ИНФРАСТРУКТУРАТА И САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТА: ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ**.......................................................................................57

*Aleksandra Nikolova Marković*
*doc.dr na Pravnomfakultetu u Beogradu – Univerzitet MEGATREND Beograd*
**ZNAČAJ JAVNOBELEŽNIČKE FORME OBLIGACIONIH UGOVORA U SRPSKOM PRAVU SA POSEBNIM OSVRTOM NA JAVNOBELEŽNIČKI ZAPIS I JAVNOBELEŽNIČKU SOLEMNIZACIJU** ...................................65

*Проф. доц р Мане Наранчић*

**ИЗАЗОВ И ИМПЛЕНТАЦИЈА МОРАЛНИХ ВРЕДНОСТИ КРОЗ ПРИЅМУ ВЛАДАВИНЕ ПРАВА У СВЕТУ** ..................................................73

*Проф. доц Др Мане Наранчић*

**ОПСТАНАК СВЕТА КРОЗ ДОСТИГНУЋА ЉУДСКИХ ПРАВА И ИЗАЗОВА У САВРЕМЕНИМ УСЛОВИМА, ТЕОРИЈСКО-ПРАВНИ АСПЕКТ**..................................................................................................85

*Доц. д-р Елица Вълчева-Куманова*
*Докторант Данаил Куманов*
**ПРОФЕСИОНАЛНИЯТ СТРЕС КАТО ОСИГУРЕН СОЦИАЛЕН РИСК В СИСТЕМАТА ЗА НАЦИОНАЛНА СИГУРНОСТ**....................................95

*М-р Ардијан Стафаи, докторант*
*Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Правен Факултет "Јустинијан Први"*
*М-р Ардијана Стафаи, докторант*
*Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Правен Факултет "Јустинијан Први"*
*Вон. Проф. Д-р. Аргетим Салиу*
*Факултетет за социјални науки, Универзитет "Мајка Тереза" – Скопје*
**УПРАВНОТО ПРАВОСУДСТВО ВО РСМ И УПРАВНОТО ПРАВО ВО ЕВРОКОНТИНЕНТАЛНИОТ СИСТЕМ** ....................................................103

*PhD Cand. Ардијан Стафаи*
Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Правен Факултет "Јустинијан Први"
*PhD Cand. Ардијана Стафаи*
Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Правен Факултет "Јустинијан Први"
*Вон.Проф.д-р Аргтим Салиу*
Правен факултет "Мајка Тереза" Скопје
**СУДСКА КОНТРОЛА НА УПРАВАТА**........................................................113

*Др Гордана Николић*
**ДИНАМИКА ИЗВРШЕЊА КРИВИЧНОГ ДЕЛА НАСИЉА У ПОРОДИЦИ ПРЕ И ЗА ВРЕМЕ ПРИМЕНЕ ЗАКОНА О СПРЕЧАВАЊУ НАСИЉА У ПОРОДИЦИ У РЕПУБЛИЦИ СРБИЈИ**...............................125

*Проф. д-р Борче Давитковски*
*Проф. д-р Ивана Шумановска-Спасовска*
*Проф. д-р Елена Давитковска*
**ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНИТЕ АНАЛИЗИ КАКО АЛАТКА ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**.......................................................................137

*Доц. др Владимир Ловић*
*Миљана Стојановић*
**ИЗАЗОВИ МЕЂУНАРОДНОГ ПРАВА И ДРУГИХ ЧИНИЛАЦА САВРЕМЕНИХ МЕЂУНАРОДНИХ ОДНОСА**..................155

*Доц. д-р Весна Гоцева Михајловска*
**АНАЛИЗА НА МОЖНОСТА И ПОТРЕБАТА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**..................................................169

*Тони Ѓоргиев*
*редовен професор, Воена академија „Ген. Михаило Апостолски“ Скопје*
*Гоце Стоиловски,*
*доктор во општествени науки од областа на национална и меѓународна безбедност и меѓународни односи*
**ДИПЛОМАТИЈА ПРЕД ГЛОБАЛНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ И ТЕХНОЛОШКИОТ НАПРЕДОК**............................................................177

*Доцент Д-р Михаил Малчев*
**ЗА СЪДЪРЖАНИЕТО НА ПРАВОТО НА НАСЛЕДЯВАНЕ В ЗАВИСИМОСТ ОТ НОРМАТИВНО УСТАНОВЕНАТА СИСТЕМА ЗА ПРИДОБИВАНЕ НА НАСЛЕДСТВОТО**............................................185

*Проф. д-р Зоран Јовановски*
*Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје*
**ЗНАЧЕЊЕТО НА ИНФОРМАЦИИТЕ ВО ВОЕНО-ДИПЛОМАТСКАТА ПРАКСА**......................................................195

*Д-р Емилија Алексовска**
**ФЕНОМЕНОТ НА ДЕМНЕЊЕТО И ПРОЦЕНКА НА ФАКТОРИТЕ СО ЦЕЛ ПОЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ**........................211

*М-р Нора Алити, Докторант*
*Правен факултет „Јустилијан Први“ – Скопје*
*Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје*
**КОРПОРАТИВНО БАЛАНСИРАЊЕ: МОЌТА НА МНОЗИНСКИОТ И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСКИТЕ АКЦИОНЕРИ – правните институти: право на истиснување и право на излез во легислативата во Република Северна Македонија**.......................................................................223

*М-р Андреа Здравковски*
*Докторант на УКИМ*
**ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ПРАВОСУДЕН ОДГОВОР НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО КАЈ РОМСКАТА ЕТНИЧКА ЗАЕДНИЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**.................................................237

*Проф. д-р Зоран Јовановски*
*Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје*

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ИНФОРМАЦИИТЕ ВО ВОЕНО-ДИПЛОМАТСКАТА ПРАКСА

*Original Research Paper UDK*
*341.233:355.48*

***Апстракт:*** Значењето на информациите во воено-дипломатската практика претставува императив за успешно спроведување на процесот. Дипломатијата, како област, стара е колку и државата. Комуникацијата помеѓу населението во првобитните заедници и племињата постоело одамна, имало преговарања, се развивале активностите за набљудување, се собирале информациите и се известувало. Постојат верувања дека дипломатијата е стара колку и политиката а и за двете карактеристично е дека има многу различни дефиниции, различни појмовни одредувања и различни сфаќања.Во политичката пракса, пак, како основа за креирањето и спроведувањето на државната политика во севкупните односисо другите држави и субјекти вклучувајќи ги и воените односи, дипломатијата е потесен поим од политиката.

Од времето се коментирало дека дипломатијата претставува очи и уши на владетелите низ собирањето информации, сеуште е актуелна, а денес е во функција на современите држави високона агендите. Целта на военатадипломатија била насочена кон собирањето информации и преговарањето за добивање на истите, првенствено кон воениот фактор, што говори дека воената дипломатија на почетокот била главна гранка, ако не и единствена дејност на дипломатијата на владарите.

Иако, дипломатијата од својот настанок се занимавала со воениот фактор, воената дипломатија, како нејзина посебна гранка, недоволно е дефинирана и претежно останувала во сферата на таинственото, најчесто еднострано толкувана како шпионажа. Заради тоа неопходно е да се разјасни местото, улогата, организацијата и начинот на функционирање на воената дипломатија, односно улогата на военото аташе во извршување на функциите на воената дипломатија.

***Клучни зборови:*** функција, дејност, податоци, воено претставништво, воена мисија, држава домаќин, вооружени сили

# ВОВЕД

Движечки концепт за успешна воено-дипломатска активност е стратешката способност за собирање информации за надворешната политика на една земја.Оваа способност произлегува од неколку организациски предности.Прво, ресурсите и извршувањето на воената дипломатија во синџирот на имплементација, второ, употребата на способен персонал заснован на историски докажани структури и доктрини, и трето, широка мрежа на поединци и организации кои се позиционирани да се координираат и поврзуваат на повеќе нивоа, со што се олеснува спроведувањето на воените активности (дипломатија)[319].

Клучната основа за воената дипломатија е воената структура којаја спроведува воена дипломатија и второ капацитетите и можностите на поставеноста и функционирањето на нејзината надворешната и внатрешна политика[320].

Денес, воените и политичките професии станаа неизбежно испреплетени во управувањето со меѓународните работи. Денес професионалното воено лице, мора да биде не само експерт за водење војна, туку тој мора да поседува способности и знаења во одржување на мирот. Неговите знаења мора да бидат синтетизирани за правење на потполни процени при извршување на меѓународните обврски за својата земја[321].

Токму такви квалитети треба да поседува военото аташе кој ја претставува својата земја во одредена држава или меѓународна организација (НАТО, ОН и сл.). Военото аташе извршува неколку функции согласно националните и меѓународните прописи. Меѓу другите ги претставува вооружените сили на сопствената земја, работи на зголемување на воената соработка со земјата домаќин или организацијата, врши протоколарни работи и преговори, но остварува и разузнавачка дејност за потребите на вооружените сили на сопствената земја.

Не навлегувајќи во останатите, со оваа индивидуална работа ќе се направи обид да се дефинираат обврските на военото аташе во остварување на разузнавачката дејност. На почетокот ќе се направи ретроспектива на појавата и развојот на воената дипломатија. Потоа ќе се опише улогата на военото аташе во извршување на военодипломатските функции и задачи, со што акцент ќе се стави на местото и улогата на военото аташе во остварувањето на разузнавачката дејност. Во тој контекст ќе се опишат изворите и средствата за собирање на податоци, какои важноста за доставување на навремени и точни извештаи до својата влада.

---

319 Nicolson H., Diplomatie, A. Francke AG Verlag, Bern 1947.

320 du Plessis A., Defence diplomacy: conceptual and practical dimensions with specific reference to South Africa, „Strategic Review for Southern Africa“, 2008, no. 2

321Škvrnda F., Medzinárodnábezpečnosť a vojenskádiplomacia, [in:] Hospodárskadiplomacia v 21. storočí. Zborník z medzinárodnejvedeckejkonferencieporiadanejpripríležitosti 70. narodenín prof. JUDr. ĽudovítaTótha, CSc. VydavateľstvoEkonóm, Bratislava 2005.

## 1. Воената дипломатија низ историјата

Еден од најстарите облици на комуницирање е дипломатијата. Се појавила најнапред во меѓународните односи, а потоа потесно е класифицирана во подрачјата, полињата и областите на секојдневниот живот, особено политиката, одбраната и економијата[322]. Појавата на воената дипломатија во историјата на општеството е процеској се движел паралелно со појавата и развојот на општата дипломатија. Ваквиот напореден развој бил условен од историските случувања во текот на кои елементот на силата и моќта на државата, кој се одразувал пред се во моќта на војската, имал значајна улога[323]. Силната војска внатре во сопствената држава го изразувала своето влијание на сите институции внатре во државата, вклучувајќи ја и дипломатијата, ставајќи ги на прво место работите од воена природа, кои секако од дипломатот барале добро познавање на воената проблематика. Секако, најдобрите познавачи на воените прашања биле професионалните војници, така што нивното знаење како експерти, во работата на дипломатските институции станало повеќе од потребно[324].

Од време на време, воениот фактор во дипломатијата бил помоќен од општиот, што неизбежно имало за последица преовладување на воената над општата дипломатија. Таквиот вид на дипломатија веројатно бил наметнат и од страна на тогашните владетели, кои покрај тоа што биле државници, биле и војсководци, односно, политичките и воените функции биле концентрирани во една личност.

До првите податоци за ангажирање на професионалните војници за потребите на дипломатските служби се доаѓа во првите воени дела, односно кога се сфатило дека војувањето е вештина која може да се учи и од книги. Римскиот писател Фронтинус во своето делоStratagems (Воени итрини), кое било напишано за обука на римските офицери, опишува како извесен Каиус Лелиус е испратен од страната на Скипиј во логорот Сифакс под изговор дека обавува дипломатска мисија. Тој со себе повел неколку високи офицери со задача да спроведат стручно истражување. Офицерите биле преправени како негови слуги и кога некој од нив ќе се најдел во ситуација да биде откриен, амбасадорот ќе го казнел свирепо, за да ги увери сите дека се работи за најобичен роб.[325]

Средниот век поминал заобиколен од комплицирани војувања, односно немало особени воени планирања како ниту тактички движења на трупите, што го чинело повеќе или помалку неинтересен за военодипломатските активности. Може да се рече дека Макијавели бил еден од ретките автори кои во своите дела ја истражувал воено-дипломатската пракса на Средниот век.

---

[322]ЗоранЈовановски, „Военадипломатија", Скопје, 2018

[323] Berridge G. R., Teóriaa praxdiplomacie, Fakultapolitických vied a medzinárodnýchvzťahov UMB, BanskáBystrica 2000

[324] *"The use of military diplomacy in great power competition". Brookings. Retrieved 2023-07-15.*

[325]Strategematicon, Book I, ch. 1; Vagts Alfred, The Military Attaché, New Jersey: Prince. Univ. Press, 1967, p. 11.

Судирите помеѓу државите во текот наXVII и XVIII век претежно се воделе со помош на сојузниците, што ја наметнало потребата за учество на професионалните војници во улога на офицери за врски, односно во улога која претходела на воведување на функцијата воен претставник. Нивна должност, како што кажува името, пред се била одржување на врски помеѓу сопствените и сојузничките армии, помош во обука на војниците, давање на воени совети на сојузничките генерали, како и известување за тоа каде се слеала паричната помош испратена од нивната влада. Офицерите за врски исто така имале задача да го застапуваат амбасадорот во ситуации во случаи кога именуваниот од било кои причини не можел да го напушти главниот град. Секако на тој начин, на офицерите за врски, односно на повремените дипломатски мисии им е дадена шанса поблиску да се запознаат со вооружените сили на земјата домаќин, односно да се известува сопствената влада за состојбата во земјата домаќин. Испраќање на повремени мисии во тоа време претставува единствен начин за одржување на официјални политички односи помеѓу државите, така што таквите мисии биле драгоцени за запознавање на општествено-политичката ситуација во земјата, додека кога се работело за далечна земја известувањата на таквите мисии претставувале основен извор на сознанија за таа земја.[326]

Француските кардинал Ришелје во периодот на владеењето на Луј XIV формирал Воено-политичко известително биро,[327] и од тоа биро често се упатувале француски офицери со задачи да одржуваат врски помеѓу сојузничките армии. Со таква задача испратен е еден француски офицер на шведскиот двор, а тоа што е посебно интересно, во врска со наведениот офицер е тоа, дека за прв пат субординацијата (командувањето) над него била доверена на амбасадорот.[328] Без оглед што се работи за поединечен случај, тоа претставува еден од првите обиди кои имале за цел воспоставување цивилна контрола над припадниците на вооружените сили[329].

Од времето кога се упатувани првите офицери во странство па се до денес, воeното аташе имал одредена самостојност во однос на другите дипломати дури и од самиот амбасадор.Сепак амбасадорот имал општа надлежност над сите, вклучувајќи го и военото аташе. Военото аташе било врзано за Министерството за одбрана, а не за Министерството за надворешни работи, што му давало самостојност, но само во мерка во која дозволувал амбасадорот. Дури со француската револуција и Наполеон се создале услови за почеток на активно учество на воениот персонал во работа на дипломатската служба. Наполеон меѓу првите ја увидел корисноста од испраќање на сопствените офицери во дипломатски претставништва и прв (неофицијално) на 3 март 1806 година го упатил капетанот Лагранж[330] во

---

[326]Вајовиќ Петар, *Разузнавањето како дипломатска и конзуларна функција*, Сплит: докторска дисертација, 1965, стр. 23.
[327]Види: Ѓорѓевиќ Обрен, *Што е шпионажа*, Белград: Политика, 1978, стр. 26.
[328] Vagts Alfred, *The Military Attaché*, New Jersey: Prince. Univ. Press, 1967, p. 9.

[329]Koerner, Wolfgang. Security Sector Reform: Defence Diplomacy. Library of Parliament, Parliamentary Information and Research Services PRB 06-12E. p. 2.
[330] Zecevic Milan, *Vojna diplomatija*, Beograd: Vojnoizdavackiinovinskicentar, 1990, str. 31, 32.

Виена со задача перманентно да води прецизни податоци за силите на австриската војска и нивниот воен распоред.[331]

Споменатиот капетан собраните податоци секојдневно ги евидентирал, ги заведувал по датуми, и испраќал месечни извештаи до својот генералштаб, односно воено разузнавачката служба, како и до министерството за надворешни работи. Заради начинот на дејствување на францускиот капетан, што се користи и денес во посовремена форма, може да се каже дека се работело за првото воено аташе. Истовремено, упатувањето на именуваниот офицер во дипломатска служба, во повеќето од литературата се зема како официјален почеток на дејствување на офицери внатре во дипломатските претставништва, односно како официјален почеток во работата на воената дипломатија[332].

## 2. Улогата на одбранбените аташеа

Терминот аташе има многу важно и прецизно значење во дипломатската пракса[333]. Воен офицер едноставно испратен во странство не е воено аташе, а за да биде тоа потребно е да има полн дипломатски статус, и како таков, мора да му се гарантира потполн дипломатски имунитет[334]. Военото аташе претставува акредитиран претставник на војската кај странски држави во амбасадите или дипломатските претставништва; ужива имунитет на дипломатски претставник и носи униформа само во свечени прилики.[335] Од почетокот, военото аташе бил како хибрид во меѓународните односи. Тој бил дел дипломат, дел војник, дел набљудувач, но веројатно како што сугерирал Лорд Џорџ Курзон,[336] не секогаш и не потполно добредојден.[337]

Во почетокот дипломатските служби користеле различни имиња за офицерите во амбасада, како што се: втор секретар, воено аташе, воен претставник или воен полномошник. Иако воен полномошник звучи позначајно од воено аташе, овој термин не останал да се употребува затоа што на полномошникот му припаѓаат полна моќ во одлучувањето и крајните права, односно потполна моќ имал само амбасадорот, така што тој назив не се прифатил[338].

Понекогаш воениот офицер бил придодаден на претставништвото надвор од земјата на одреден продолжен период, но неговиот назив не бил „аташе“, туку еден од претходно наведените. Називот аташе е одобрен покасно

[331] Vagts Alfred, *The Military Attaché*, New Jersey: Prince. Univ. Press, 1967, p. 9.

[332] Defence diplomacy, *Indian Express*, December 8, 2010

[333]Defence Attachés. DCAF Backgrounder, The Geneva Centre for the Democratic Control of the Armed Forces, Geneva 2007

[334]Keep defence diplomacy alive, *Brunei Times*, July 6, 2011.

[335]*Мала енциклопедија*, Београд: Просвета, 1978, I (A-J), стр. 364.

[336]LordGeorgeCurzon(1859-1925) Член на конзервативната партија на Англија, Вицепремиер на Индија од 1895-1905, се залагал за закон за расна еднаквос кој е усвоен во англискиот
парламент 1918.

[337] Timothy C. Shea, *Transforming Military Diplomacy*, Joint Force Quarterly, Internet, 10/09/2005.www.dtic.mil/doctrine/jel/jfq_pubs/toc38.pdf

[338]*Conference of Defense Ministers of the Americas*. 18 September 2010. Archived from the original on September 18, 2010. Retrieved July 16, 2017.

од страна на цивилните авторитети, и како таков не се сретнувал во англискиот јазик до 1835 година.[339]

Првите задачи на военото аташе ги дефинирал уште Наполеон, а со време овие задачи се менувале во зависност од тоа како наложувала потребата на сопствената разузнавачка служба, но најмногу сопствената држава.

Сепак, неговата постојана должност била постојаното и систематско набљудување на воениот потенцијал на можниот непријател. Таков вид на ангажирање на офицерите во дипломатските претставништва присутен е и денес, со тоа што со текот на времето се развивал и се прилагодувал на потребите на дипломатските мисии така што во посовремен облик военото аташе и денес е ангажиран на слични задачи во дипломатските претставништва во повеќето земји на светот.

Наполеон не бил единствен генерал, односно не бил прв кој размислувал за вклучување на воени офицери во посадите на амбасадите и во разузнавачката служба истовремено. Генералот Massebacha, началник на генералштабот на Прусија уште во периодот од 1795 година до 1800 година, предлагал во Пруските амбасади во Петербург, Лондон, Париз и во останатите поголеми европски градови, да се додадат офицери, на високи командни должности во војската, кои за време на својот претстој во амбасадите ги изучувале карактеристиките на странските армии. Исто така и Надвојводата Чарлс[340] размислувал да вклучи офицери во австриските претставништва ширум Европа, но цивилните авторитети во Австрија не биле воодушевени од таквата идеја.

Појавата укажува на принципот во општествените односи дека идеите се раѓаат често, но не секогаш се реализираат од нивните создавачи, туку од оние кои имаат услови и можности да ги анализираат, да ги прифатат и да ги иновираат со примена на сила и моќ.[341] Личноста која имала можност и услови да ја прифати, но и сила и моќ да ја реализира во даден момент, бил Наполеон. Со една таква постапка Наполеон покажал дека општествените процеси не можат да се запрат туку можат само привидно да се забават.

И покрај успешното дејствување на француските офицери во нивните дипломатски претставништва, идејата за постојано вклучување на военото аташе во дипломатските претставништва не била прифатена толку брзо од повеќето земји. Имено многу амбасадори сметале дека присуството на офицери во амбасадата може да поттикне напнатост во земјата домаќин и да го уништи целиот труд кој го вложил амбасадорот со цел унапредување на пријателските односи[342].

Постоело мислење дека офицерите треба да се упатуваат на служба во дипломатското претставништво само привремено, а не како постојани членови на дипломатската мисија. Меѓутоа, општо познато е правилото кое кажува дека доколку сакаме да дознаеме што точно се случува во некоја земја

---

[339] Vagts Alfred, *The Military Attaché*, New Jersey: Prince. Univ. Press, 1967, p. 18.

[340]ArchdukeCharles(1771-1847) Помладиот брат на FrancisI,се залагал за реформа во австриските вооружени сили и се сметал за најталентираниот противник на Наполеон Бонапарта. http://www.napoleonguide.com/leaders_archchas.htm, Internet, 10/10/2005.

[341] Zecevic Milan, *Vojna diplomatija*, Beograd: Vojnoizdavackiinovinskicentar, 1990, str. 35.

[342]Wolfgang Koerner (May 17, 2006). "Security Sector Reform: Defence Diplomacy"

неопходно е активностите во истата земја да се пратат во континуитет, доколку тоа не се прави може да се случи многу поединости да се померат, а за последица има состојба во која се губи од вид целокупниот развој на настаните.[343]

Исто така, долго се верувало дека военото аташе не треба да биде ништо повеќе од салонски офицер, репрезантивна фигура која нема некое посебно задолжение освен да ги прикрива акциите на другите офицери во тајната служба кои во претставништвото биле на привремени мисии. Меѓутоа забрзаниот индустриски развиток во текот на XIXвек довел до забрзан развој на воената индустрија, односно до осовременување на воениот потенцијал. Од друга страна, осовременетото оружје ја наметнало потребата од експертско мислење во дипломатските извештаи, односно за мислење од стручњаци. Општи видувања за воениот потенцијал секако можел да направи и амбасадорот, додека тесно специјалистичките набљудувања можел да ги спроведе само воен експерт, односно воено аташе. Факт е дека во последните 200 години, воените аташеи морале да ја известуваат својата земја за наједноставните воени теми како што е коњаницата, ама и за најсовремените, како што се нуклеарните ракети од голем дострел, но само мал број од нив успеале во тоа.[344] Со цел да видат и да известат за се што е од значење за одбраната на сопствената земја, воените аташеа не секогаш успевале да ја избегнат замката на преквалификација или претерана специјализација затоа што специјализацијата има свои граници и доколку се претерува со нејзе, може да предизвика одредени проблеми за целата организација.[345]

Проблемот на тесна специјализација или преквалификација е решен на два начина. Прво: почнала обука за офицери за дејноста воено аташе ( прво такво школо во состав на генералштабот  отворено е во Австрија 1810 година), и второ: во претставништвата почнале да се приклучуваат офицери од други видови на вооружените сили, односно во тоа време од морнарицата, а покасно со развојот на авијацијата и од тој вид на вооружените сили[346]. Испраќање офицери од другите видови на вооружените сили не било поттикнато само од потребата за решавање на проблемот за преквалификација, туку и од потребата заради преобемната работа на военото аташе да се упати помош на офицери и од другите видови на вооружени сили, што за последица имало институционализација на воената дипломатија, односно формирање на воено дипломатски претставништва. Институционализацијата на воено дипломатските претставништва не е производ на намерата воената дипломатија да биде одвоена од амбасадата, туку таа значела тежнеење кон самостојност во стручните области што секако била неопходна. Од друга страна, институционализацијата на воената дипломатија говори во прилог на мислењето што го застапувал MaxWebber за тежнеење на институциите кон

[343] Vagts Alfred, *The Military Attaché*, New Jersey: Prince. Univ. Press, 1967, p. 31.
[344]Исто, p.xi
[345]Милосављевиќ Богољуб, *Наука за полиција*, Белград: Полициска академија, 1997, стр. 429.
[346] Cottey A., Forster A., Reshaping Defence Diplomacy: New Roles for Military Cooperation and Assistance, Oxford University Press, New York 2004

автономизација, односно за желба на институциите да излезат од потполна контрола на власта[347].

Приоѓајќи хронолошки за развојот на воената дипломатија важно е да се воочи обликувањето во една хомогена институција непосредно пред првата светска војна, кога биле застапени сите три вида на вооружени сили. Со оглед дека воената организација почива на принципите на строга субординација на воените старешини неопходно било еден старешина да раководи со работите на воено дипломатското претставништво, таа улога била доверена на военото аташе. Таков вид на ангажирање на воените аташеа внатре во дипломатските претставништва постојат и денес, а бројот и големината на воено дипломатското претставништво главно е условено од можностите и потребите на сопствената држава. Со оглед дека во воено дипломатските претставништва се присутни офицери од сите три видови на вооружени сили главно со исти чинови, субординацијата обично е доверена на офицерот од копнената војска. Ова правило е застапено во вооружените сили на САД. Од друга страна во Европските армии субординацијата се доверува на офицерите кои имаат повеќе искуство. Доколку во воено дипломатското претставништво е присутен офицер од само еден вид на вооружените сили, тој обично поминува низ неопходно запознавање со битните карактеристики на останатите видови на сопствените вооружени сили, но и со вооружените сили на земјата домаќин[348].

### 3. Воената дипломатија низ содржините на работа

За да се обезбедат важни политички позиции на државата како и да се реализира нејзината надворешна политика со примена на дозволени средства, дипломатските претставништва изградиле своја сопствена организација но и воспоставиле свои сопствени функции[349]. Се смета дека зборот функција е од латинско потекло и дека означува вршење на служба, односно вршење на некоја должност.[350] На прв поглед можеби се чини дека функциите на дипломатијата се исти како и нејзините задачи, бидејќи дипломатските работи може да се вршат, односно да се обавуваат и со извршување на задачи, така што како логичко се поставува прашањето каква е разликата помеѓу тие два поими *функција и задача?* Функцијата не може да се одвои од задачите, но комплементарно ги обединува сите задачи кои ги извршува воено дипломатската мисија и кои може да и се доверат.[351] Од друга страна задачите се пребројни, конкретни и секогаш се поставуваат извршно, додека функциите се сведуваат на општо урамување на тие задачи кои може но и не мора да се извршат. Според тоа функциите се урамени задачи кои не навлегуваат подлабоко на начин на нивното извршување а со чие вршење одредена служба ги остварува своите конечни цели. Односот на задачите спрема функциите

---

[347] Kleiner J., Diplomatic Practice. Between Tradition and Innovation, World Scientific Publishing, Singapore 2010

[348] Matsuda Y., An essay on China´s military diplomacy: examination of intentions in foreign strategy, „NIDS Security Reports“, 2006, no. 7.

[349] Muthanna K., Military diplomacy, „Journal of DefenceStudies“, 2011, no. 1.

[350]Вујаклија Милан, *Лексикон страних речи и израза*, Београд: Просвета, 2004, стр. 958

[351]ZecevicMilan, *Vojnadiplomatija*, Beograd: Vojnoizdavackiinovinskicentar, 1990, str. 127-128.

може да се разгледува и како однос на деловите спрема целината. Имено, задачите се делови на функциите или поточно речено под функции со чии извршувања функциите добиваат свои конкретни обележја.

Виенската конвенција за дипломатските односи ги одредила функциите и задачитена дипломатските претставници.[352]Со нивно изведување и прилагодување за потребите на воената дипломатија, тие функции во целост може да се пренесат и на военодипломатските претставништва и начелно да се претставаат на следниот начин:

- Претставување на вооружените сили во државата домаќин;
- Заштита на интересите на вооружените сили и нивните припадници;
- Преговарање со претставниците на вооружените сили на земјата домаќин;
- Информирање (разузнавање) за вооружените сили на земјата домаќин и поднесување на навремени извештаи до сопствената влада; и
- Унапредување на пријателските односи и развивање на воената соработка.

Прв проблем на кој се наишло во дипломатската пракса со спроведувањето на функциите како општите така и на воената дипломатија, се огледал вонивната непрецизна формулација, поточно во непрецизното одредување како и со кои средства може да се вршат дипломатските функции. Фактот дека не се прецизно одредени начините и средствата за нивно спроведување како последица претставува и различното законско толкување и сфаќање на содржините на дипломатските функции. Затоа е потребно дипломатската мисија добро да ги познава законите на државата домаќин, но и законите на меѓународното право за да може успешно да ги спроведува своите задачи и функции. На почетокот од своето активно дејствување во дипломатската пракса офицерите се појавувале во две функции: во функција на воени посматрачи и во функција на обезбедување на амбасадорите. Таквиот вид на ангажирање на офицерите во составот на дипломатските претставништва бил сосема логичен вид на употреба на професионалните војници за потребите на дипломатската служба. Со време начинот на функционирање на општата дипломатија, а со тоа и на воената дипломатија се прилагодувале на потребите на сопствената држава но и на законите на државата домаќин. Изведувањето и прилагодувањето на функциите на општата дипломатија за потребите на воената дипломатија со време се покажало како неопходно за да може воената дипломатија да ги извршува своите задачи. Од функциите што ги извршува воената дипломатија во голема мерка се однесува на разузнавачката функција, но без спроведувањето на останатите активности кои се предвидени со Виенската конвенција не би можеле да се извршуваат и разузнавачките активности, барем не во целост. Не навлегувајќи подетално во опишување на останатите активности на воено дипломатската мисија подолу акцент ќе се стави на предметот на истражување на оваа индивидуална работа.

## 4. Средства и извори на информации

[352]Beckakonvencijaodiplomatskimodnosimaod 18 aprila 1961 godine, clan 3.

Забрзаниот развој на науката и техниката во последните децении, како и општиот напредок на полето на комуникациите, доведоа до тоа денес скоро сите држави во светот, навистина да се дел од светската заедница. Таа меѓу зависност на државите се изразува на полето на размена на добра, во областа на науката, техниката, технологијата. Истовремено, споменатата меѓу зависност во светот создаде поволни услови за вршење на разузнавачката функција со користење на легални методи во својата работа. Примената на таквиот метод значи податоците да се собираат јавно, а личноста која ги собира податоците да го прави тоа во рамките на својата легална работа. Станува збор за податоци кои не се државна тајна туку тоа се податоци до кои се доаѓа од различни отворени извори.

Многу важна алка во разузнавачката заедница на некои земји е вое용ото аташе. Негова задача е преку воената публикација, штампа и медиумите ги прати преставувањата на новата воена опрема, но и другите опреми кои може да бидат од значење за сопствената земја. Меѓутоа, заради меѓународните конвенции од него не се очекува да биде замешан во било какви прикриени (шпионски) работи, туку во согласност со своите должности користејќи ги погодностите на својата положба да дојде до бараните податоци. Дури од памтивек, од времето на дипломатијата кај најстарите народи, кога дипломатијата е дефинирана, како уво и око на владетелот, се до денешен ден, дипломатско конзуларните претставници се во функција на одбраната на својата земја, на легален и дозволен начин и „набљудувале и известувале“ и никој не можел таа работа да ја квалификува како разузнавачка, како шпионажа.[353]

Изворите на податоци за воениот потенцијал можат да бидат различни. Како најчест извор во повеќето истражувања се наведуваат медиумите, односно дневната штампа, телевизијата, радиото а последните години секако во најголема мерка Интернетот како глобално комуникациско средство. Искуствата на повеќето разузнавачки служби исто така говорат дека најголемиот дел на информации се прибираат всушност од средствата за јавно информирање, односно од извори кои секогаш се достапни и секогаш се во окружувањето.[354] Проценките на разузнавачките и контраразузнавачките служби укажуваат дека денес околу 90% од податоците се собираат по легален пат, со користење на средствата за јавно информирање, со непосредни контакти со граѓаните и офицерите на односната држава, по пат на разговори со други извори (дипломати, новинари, трговци и туристи), а само 10% од податоците се собираат на класичен разузнавачки начин.[355]

Меѓутоа, врз основа на досегашното искуство во таа област, јавните или легалните податоци може да се сведат во следните основни групи:

- Средствата за јавно информирање;
- Поединци;
- Државни и воени организации на земјата домаќин;
- Странски воени претставници;

---

[353] Petrovic GjeraSlavoljub, *Diplomatskipraktikum,* Beograd:D.T.A. Trejd,2004, str. 79.
[354]По податоците од 1941 во САД во мирно време, само 4% од информациите се собирале од военото аташе наспроти 95% кои се добивале од отворени извори и 1% од извештаите на тајните агенти.Vagts Alfred, *The Military Attaché,* New Jersey:Princeton University Press, 1967, стр. 208.
[355] Zecevic Milan, *Vojna diplomatija,* Beograd: Vojnoizdavackiinovinskicentar, 1990, str. 139.

- Военото аташе со непосредно набљудување.

### 4.1. Информации од медиуми

Секако најрано се почнало со користење на податоци од извори кои ги објавува дневниот печат. Дневните весници, во натпревар за што поголем круг за читатели, стануваат обично помалку дискретни отколку што власта на државата сака да бидат. Опозиционите весници, исто така даваат многу повеќе информации отколку медиумите и печатот кои се под контрола на владата. Колку тие извори на информации се пристапни зависи пред се од самата земја домаќин. Имено, во периодот на студената војна, повеќето земји од Варшавсиот договор, но и многу земји од Далечниот исток, давале многу сиромашни информации за случувањата внатре во сопствените држави. Многу од тие извори на информации пресушуваат под рестрикција на тоталитарните режими по примерот на Русија во периодот на студената војна, кога се отишло толку далеку што привремено е ставено ембарго за извоз на весници во странство.[356] Меѓутоа, како тие податоци ќе се искористат, во најголема мерка зависат од обученоста на военото аташе, односно од неговото познавање на јазикот на земјата домаќин. Имено, познавањето на јазикот, односно неговото непознавање, може да биде ограничувачки фактор во користење на тие видови на податоци.

### 4.2. Информации од лица

Поединците како извор на информации се она подрачје на разузнавањето кое многу често се доведува во врскасо шпионското дејствување на военото аташе, пред се заради фактот, дека таквиот начин на разузнавање е најмалку нормативно регулирано подрачје. Од друга страна овој вид средства влегува помеѓу изворите кои во принцип се користат најмногу. Според авторите на книгата „Безбедноста на светот од тајност до јавност“ една од навлијателните разузнавачки служби на светот, израелската разузнавачка служба Мосад, најголем број на собрани податоци се базира на ХУМИНТ средствата, односно на собирање податоци од луѓе како непосредни извори на податоци.[357]

Со кодификација на Виенската конвенција за дипломатски односи, обезбедена е компонентата за слобода на општењето која во меѓународното право претставува посебно право на дипломатите, и содржано е во сите нивни привилегии и имунитет.[358] Слобода на општењето подразбира слобода при остварување контакти со поединци, без оглед дали се тоа државјани на земјата која ја претставува военото аташе, државјани на земјата домаќин или државјани на некоја трета земја.

---

[356] Vagts Alfred, *The Military Attaché*, New Jersey: Prince. Univ. Press, 1967, p. 202.

[357]ДелиќМилан, СавиќАндреја, БајагиќМладен, *Безбедностанасветотодтајностдојавност*, Белград: Полицискаакадемија, 2002.

[358]Becka konvencija o diplomatskim odnosima od 18 aprila 1961 godine, clan 27, stav I

Сосема е сигурно дека државјаните на земјата која ја претставува военото аташе, а кои подолг временски период живеат во нејзе, ја познаваат ситуацијата во таа земја, како и состојбата на вооружените сили на земјата домаќин често многу повеќе, од поголемиот број членови на дипломатската мисија. Заради тоа, тие можат да бидат многу значаен извор на податоци. Државјаните на земјата домаќин може да дадат уште позначајни податоци преку разговори со военото аташе. Таквиот вид на соработка мора да се спроведува со дискреција, а при таквите контакти може да се добијат податоци од кои военото аташе и неговата влада ќе имаат корист. Државјаните на трета земја кои немаат дипломатска мисија во земјата домаќин, заштита на своите интереси може да остварат преку претставниците на дипломатските мисии кои имаат одобрување од страна на земјата домаќин, и секако одобрување од земјата чии државјани се во прашање.[359] Во разговорите со тие лица се создава можност да се дојде до многу важни и драгоцени податоци.

Овој начин на прибирање на податоци најчесто се доведува во врска со конспиративното дејствување на воената дипломатија, пред се заради фактот што на тој начин се создава прилика на воените дипломати да дојдат во контакт со соработниците (шпионите). Меѓутоа, од друга страна, државата домаќин е свесна на тие факти така што пратењето на аташеите, но и останатиот дипломатски персонал го доведе до совршенство, така што евентуалното незаконско дејствување може лесно да биде откриено. За тоа се свесни и военото аташе и потенцијалниот шпион.

### 4.3. Информации од официјални институции

Министерството за одбрана и генералштабот на земјата домаќин имаат многу развиена дејност на одржување на контакти со странските воени претставници. Тој начин на соработка функционира по принципот на реципроцитет и прифатен е од страна на многу земји.Во тој поглед доста е распространета праксата на непосредно обраќање на военото аташе до одговорното воено министерство. Во таа прилика воениот претставник може да бара да му се достават информации кои му се потребни, а кои земјата домаќин не ги карактеризирала како класифицирани.

Позицијата на военото аташе во амбасадата овозможува идеална можност за спроведување на разузнавачки активности преку државните и воените органи на земјата домаќин. Имено, воените претставници редовно се канат да учествуваат на воени вежби, тестирања на новите врсти наоружување и воена опрема. Во тие ситуации неговото запазување може да биде од големо значење. Евентуалното сомневање на државите дека аташето ќе открие некој значаен податок, се елиминира благодарение на системот на реципроцитет, односно секоја држава има право да го упати своето аташе на истиот вид вежба, со тоа што во такви прилики подобро обучениот аташе ќе постигне поголеми резултати.

---

[359]Becka konvencija o diplomatskim odnosima od 18 aprila 1961 godine, clan 45

Значаен извор на податоци исто така е и парламентот на земјата домаќин. Изучувањето на парламентарните закони, посебно на законите кои се однесуваат на безбедноста и одбраната, предвидениот воен буџет и слично може да дадат претстава во кој правец се развиваат воените потенцијали во одредена земја. Исто така од големо значење е и подетално познавање на членовите на парламентот, односно нивните политички врски, политичката определеност, како и влијанието во парламентот. Сето ова може да се добие на еден сосема легален начин, така што благодарение на нив може да се оформи потполна слика за состојбата во земјата домаќин.

Компаниите кои се занимаваат со производство на оружје заправо се идентични со компаниите кои се занимаваат со индустриско производство воопшто. Вооружувањето ги бара скоро сите суровини и производи кои се потребни и во секоја друга индустриска гранка. Така се доаѓа до заклучок дека военото производство го претставува производството воопшто. Со тоа со разузнавање по прашањето на индустрискиот развој секако мора да занимава и воената дипломатија доколку сака да постигне квалитетни резултати.

### 4.4. Информации од именувани воени претставници

Соработката со странските воени претставници може да биде важен извор за прибирање податоци. Државата домаќин по повод воени свечености организира заеднички приеми за воените претставници кои се акредитирани. На такви собири се создаваат услови да се разменуваат податоци претежно од воена природа. Важно е военото аташе да обезбеди присуство на такви и слични собири, затоа што тоа е идеална прилика за детално да се информира за некое прашање кое е од значење за сопствените вооружени сили.

Поврзаноста со другите воени аташеи во земјата домаќин му овозможува увид во специјалните војни активности на таа земја. Секако таа врста на поврзување се остварува со споменатите редовни контакти на воените дипломати со сопственото окружување, додека било какво затворање во амбасадата и работа на релација работно место стан и обратно го оневозможува воениот дипломат да ги извршува своите задачи. Со оглед дека военото аташе во такви ситуации е окружен со свои колеги, мора да има предвид дека не смее да биде премногу индискретен ниту да покажува претерано интересирање за одредена тема, бидејчи постои опасност да биде прогласен за шпион и обвинет за дејност кои другите исто така ја вршат но вешто и конспиративно. Во такви ситуации потребен е офицер со искуствокој добро ги познава луѓето од своето опкружување. Офицер со искуство ќе се снајде, ќе биде иницијатор на воени и други контакти, ќе го насочи својот интерес и набљудување во тежиштето и нема да биде откриен.[360]

### 4.5. Активностина военото аташе

[360] Zecevic Milan, *Vojna diplomatija*, Beograd: Vojnoizdavackiinovinskicentar, 1990, str. 37.

Военото аташе со непосредно набљудување претставува еден од првите начини за собирање податоци, познат како опсервација, односно набљудување. Станува збор за надворешно посматрање на луѓе и нивни активности, конфигурација на земјиштето, природните богатства и слични податоци, врз чија основа се врши откривање на барани информации. Позицијата на военото аташе во амбасадата е идеална за спроведување на оваа врста активности во некоја земја, бидејќи со членот 26 од Виенската конвенција за дипломатски односи се овозможува слободно патување на дипломатските претставници, а со тоа и на воените аташеа.

## Заклучок

Во ниту еден период од историјата на цивилизацијата немаповеќе можности за уништување на човекот и неговите блиски, како што е денес. Во спречување на транснационалните закани, од огромно значење е информацијата во рамки на тактичкото, оперативното и стратегиското водење на политиката, особено одбраната.Со нејзина помош, од витално значење е прецизното проценување на воениот потенцијал на одредена нација, но и утврдување и на намерите на тој потенцијал. Во постигнување на овие цели военото аташе е комплексно вклучен.

Одбранбените аташеа извршуваатспецифични функции согласно националните и меѓународните прописи. Ги претставуваат вооружените сили на сопствената земја, работат на зголемување на воената соработка со земјата домаќин или организацијата, врши протоколарни работи и преговори, но остварува и разузнавачка дејност за потребите на вооружените сили на сопствената земја.

Низ разнитеистражувања и анализи на глобално рамниште, се прават обидиза дефинирање легалните обврски на аташеата во остварување на воено-дипломатската дејност. Како најзначајни се различните содржини на работа (собирањето информации),нивната обработка, анализата и доставувањето на истите до крајните корисници.

Од сериозниот односна државата во пристапот на извршување на оваа дејност, што подразбира, избор на искусни и обучени воени лица за извршување на функцијата воено аташе, во голема мерка зависат, соработката, развојот и придонесот во одбранбената политика на државата.

# THE SIGNIFICANCE OF INFORMATION IN MILITARY-DIPLOMATIC PRACTICE

**Abstract:** The importance of information in military-diplomatic practice is imperative for the successful implementation of the process. Diplomacy, as a field, is as old as the state. Communication between the population in the original communities and the tribes existed for a long time, there were negotiations, observation activities were developed, information was collected and reports were made.

There are beliefs that diplomacy is as old as politics, and for both it is characteristic that there are many different definitions, different definitions and different understandings. In political practice, however, as a basis for the creation and implementation of state policy in overall relations with other states and subjects, including military relations, diplomacy is a narrower term than politics.

Since then, it has been commented that diplomacy is the eyes and ears of the rulers through the gathering of information, it is still relevant, and today it is in the function of modern states at the top of their agendas. The purpose of military diplomacy was aimed at gathering information and negotiating to obtain it, primarily at the military factor, which means that military diplomacy was initially the main branch, if not the only activity of the diplomacy of the rulers.

Although diplomacy has dealt with the military factor since its inception, military diplomacy, as its special branch, is insufficiently defined and mostly remained in the sphere of secrecy, most often unilaterally interpreted as espionage. Because of that, it is necessary to clarify the place, role, organization and way of functioning of military diplomacy, that is, the role of the military attaché in performing the functions of military diplomacy.

***Key words:***function, activity, information, militarybranch, military mission, host country,armedforces